Република Северна Македонија
**ДРЖАВНА ИЗБОРНА КОМИСИЈА**

**Бр. Уп1 10 - 33**
**27.05.2024**
**СКОПЈЕ**

Врз основа на член 148 став 3 од Изборниот Законик ("Службен весник на Република Македонија" бр.40/2006, 136/2008, 148/2008, 155/2008, 163/2008, 44/2011, 51/2011, 142/2012, 31/2013, 34/2013, 14/2014, 30/2014, 196/2015, 35/2016, 97/2016, 99/2016, 136/2016, 142/2016, 67/2017, 125/2017, 38/2018, 99/2018, 140/2018, 208/2018, 27/2019 и "Службен весник на Република Северна Македонија" бр.98/2019, 42/2020, 74/2021, 215/21, 58/24 и 76/24) и Упатството за начинот и постапката за решавање на приговори во надлежност на Државната изборна комисија, со број 11-2486/1 од 10.10.2021 година, Државната изборна комисија во состав Претседател Александар Даштевски, потпретседател Дитмире Шеху, членовите Оливер Ристовски, Борис Кондарко, Радица Ристеска, Бобан Стојаноски и Абдуш Демири, на седницата одржана на **27.05.2024** година донесе:

# РЕШЕНИЕ

Приговорот за заштита на избирачко право на подносителите на листи со бр. **УП1 10-33 од 24.05.2024**, поднесен преку овластениот претставник на подносителот на листа на кандидат за избор на пратеници во Собранието на РСМ, Коалиција Европски фронт, Фатмир Бесими, предвидено во чл.148 ст.1 од Изборниот законик, се **ОДБИВА**.

## Образложение

На ден 24.04.2024 година во 18:32 часот овластениот претставник на подносителот на листа на кандидат за избор на пратеници во Собранието на РСМ, Коалиција Европски фронт, Фатмир Бесими, поднесе приговор за заштита на избирачко право на подносителите на листи, со број **УП1 10-33,** за постапката на гласање, сумирање и утврдување на резултатите од гласањето за избор на пратеници во Собранието на РСМ.

Подносителот на приговорот ги наведува следниве нарушувања на Изборниот законик:

На ден 22.05.2024 во Општина Желино на ИМ 2101 избирачкиот одбор сторил повреда додека го спроведувал гласањето, односно не го спровел гласањето на начин утврден со Изборниот законик, а неправилностите влијаеле на постапката за гласање или постапката за сумирање и утврдување на резултатите и тоа не го почитувал член 151 став 1 алинеја 1, 2, 6 и 7 од Изборниот законик.

Избирачкиот одбор додека го спроведувал гласањето и постапил согласно член 40 став 2 точка 2 бидејќи на 2 гласачи без да бараат помош за гласање му дозволил на друго

лице да им кажува кој број да го заокружат, избирачкиот одбор не го почитувале и Задолжението на ДИК со кое се задолжени избирачките одбори во текот на гласањето на избирачкото место да присуствуваат по 7 члена, а додека траело гласањето на ова избирачко место избирачкиот одбор во неколку наврати гласањето го спроведувал со само 4 членови.

Во 18:50 часот во просториите на гласачкото место 2101, дошле двајца возрасни гласачи со друго лице и без да побараат помош гласачите при остварување на правото на глас, лицето кое дошло со гласачите им гиземал гласачките ливчиња и гласал место нив.

Кога почнало броењето на гласови додека траело броењето ИО спротивно на Прирачникот за работа на ИО и ИЗ на неовластени лица им дозволил да влезат во гласачкото место додека се броеле гласачките ливчиња и ако во самиот Прирачник за работа на ИО е наведено дека кога ќе почне броење кој ја напушта просторијата нема да им се дозволи да се вратат на гласачкото место повторно, а не да се дозволи да влегуваат други неовластени лица.

По сумирање на резултатите од гласањето на ова гласачко место во Записник-образец бр.16 од страна на ИО се пополниле следните податоци:

Дел 1: вкупен број на болни и немоќни и лица кои гласале на издржување на мерка куќен притвор - вкупна бројка 4. Дел 3: вкупен број на избирачки кои на денот на гласање се запишале во ИС по приговор 4. Дел 4: точка 1 гласачи кои гласале и биле верификувани со отпечаток од прст вкупно 474. точка 2 гласачи кои се верификувани во УБИГ преку скенирање на личен документ со ММП 3 вкупно 67. точка 3 вкупно гласачи кои ставиле отпечаток од прст во посебна графа вкупно 16. Дел 6: вкупната бројка на гласачи и гласови изнесува 550.

Од наведеното според подносителот на приговорот е евидентно дека бројот на гласачки ливчиња и потписи не се совпаѓа со бројот на гласачи кои гласале по разни основи односно тој број изнесува 565 додека гласачки ливчиња според записникот имаме вкупно 550.

Според сето напред наведено подносителот на приговорот наведува дека Избирачкиот одбор постапил спротивно на одредбите од член 108 и 108а, член 40 став 2 од Избирниот законик и спротивно на задолжението на ДИК, поради што согласно член 151 став 1 алинеи 1, 2 6 и 7 од Изборниот законик предлага да се поништи гласањето на Избирачкото место број 2101.

Како докази подносителот на приговорот предложи да се изврши увид во Записникот-образец број 16 и увид во целокупниот гласачки материјал за гласачкото место број 2101 за прегласување за Избор на пратеници во Собранието на Република Северна Македонија.

Во прилог на поднесениот приговор, подносителот приложи Овластување издадено од овластениот претставник на Коалицијата ЕВРОПСКИ ФРОНТ, Фатмир Бесими дадено на лицето Беким Реџепи за поднесување на приговорот пред Државната изборна комисија и копија од Записникот-образец број 16.

Државната изборна комисија на јавна седница одржана на ден 27.05.2024 година во 15 часот, одлучувајќи по приговорот изврши увид во Записникот број 16а на ИМ 2101 во Желино како и во забелешките приложени кон него на албански јазик и тоа (превод од оригинал забелешки приложени кон обр.бр.16):

„- Забелешка: за време на процесот на броење, во просторијата каде се броеле гласовите влегувале и излегувале неовластени лица.

-Членот Мемет Незири без било каква причина не го потпишал записникот.

-Забелешка – Жалба (дадена во 21:40 од Неби Реџепи, набљудувач на Европски фронт):

1. Во текот на гласањето околу 18.50 часот, на гласачкото место дојдоа да гласаат две постари лица со помошници. Без да побара помош лицето за, помагачот го зеде ливчето и гласал место нив.

2. Во текот на процесот на пребројување на гласовите, во просторите каде што се пребројуваат гласовите влегоа и излегоа две или три неовластени лица.

3. Во текот на гласањето околу 13:15 часот, спротивно на наредбите на ДИК, процесот на гласање беше спроведен само со четири (4) членови на Избирачкиот одбор.

-Забелешка даден од Менсур Алити-Член на ИО и Талат Беќири 2:13 - Посета на потпретседателката на ДИК.

По влегувањето на гласачкото место, потпретседателката приоѓа и прашува дали ме познавате, но воопшто не се идентификува.

Праша како се одвива работата и кога доби одговор дека сé е во ред, таа рече дека и минатиот пат сé било во ред, но гласањето во тоа избирачко место било поништено а за тоа предвидени се мерки за одговорност.

20:15 преброени беа сите гласови, а набљудувачите на „Европски фронт" реагираа на посетата на претседателот на ОИК и потоа побараа проверка на потписите, што се покажа дека се совпаѓаат.

На гласачкото место во последните моменти од гласањето доаѓа вториот набљудувач на „Европски фронт" и при пребројувањето присутни имаше двајца набљудувачи на коалицијата „Европски фронт"."

Државната изборна комисија земајќи ги во предвид сите забелешки претходно наведени, а приложени со записникот бр. 16 утврди дека наводите изнесени во врска со членот Мемет Незири кој без било каква причина не го потпишал записникот образец бр.16, не претставува законски основ дека некое право на гласачите било повредено со оглед дека согласно Прирачникот за пополнување на записник бр.16 на избирачките одбори изречно предвидува дека доколку некој од членовите на ИО не го потпишал записникот задолжително се наведуваат причините за истото постапување.

Во однос на наводите изнесени за работењето на избирачкиот одбор спротивно на член 40 став (2) точка 2) од ИЗ и тоа на 2 гласачи без да побараат помош за гласање им дозволил на друго лице да каже кој број да го заокружуваат, Државна изборна комисија утврди дека согласно член 112 од ИЗ гласачот има право сам да донесе помош или избирачкиот одбор ќе му определи друго лице од редот на гласачите и истото уредно ќе го евидентира во Дневникот за евиденција на настани што се потврдува при увидот во Дневникот од конкретното избирачко место и при тоа точно и прецизно од страна на избирачкиот одбор се евидентирани лицата кои помогнале на избирачите кои не можат да гласаат сами.

Согласно член 40 став 2 точка 2) од ИЗ, избирачкиот одбор обезбедил правилност и тајност на гласањето што произлегува од фактот дека не се евидентирани дојави за нарушена тајност како и нема поплака за извршено влијание при гласање до ДИК на денот на одржување на прегласувањето.

Во однос на наводите изнесени за работењето на избирачкиот одбор спротивно на Задолжението на ДИК за работењето на ИО за текот на гласањето да присуствуваат 7 члена бр.02-1813/1 од 30.04.2024 година, ДИК утврди дека Задолжението се однесува за 08.05.2024 година кога се одржа вториот круг од Изборите за Претседател на РСМ и

Изборите за пратеници во Собранието на РСМ и истото нема примена на прегласувањето на ИМ 2101, Општина Желино.

Државната изборна комисија постапувајќи согласно член 147 став 10 од Изборниот законик ги утврди фактите и околностите што се од значење за одлучување по приговорот и тоа преку изведување на докази како што е увид во гласачкиот материјал на ИМ 2101 во Општина Желино.

При увидот во доверливиот изборен материјал на ИМ 2101 во Општина Желино за Изборите за пратеници во Собранието на Република Северна Македонија се констатираше дека има вкупно важечки гласачки ливчиња за Коалиција Европски фронт се 48, вкупно важечки гласачки ливчиња за Коалицијата Влен се 494, а неважечки гласачки ливчиња се 8, односно вкупно искористени гласачки ливчиња се 550.

Во Записникот се констатираше дека вкупниот број на неискористени гласачки ливчиња е 443, што произлезе при увидот во кочанот со неискористени гласачки ливчиња и тоа прв сериски број на неискористено гласачко ливче 0004072, а последен сериски број на неискористено гласачко ливче 0004514.

Вкупно потпишани во изводот се 544 гласачи, во посебниот извод од избирачкиот список потпишани се 2 гласачи и во посебниот образец за запишување на гласачи на денот на одржување на изборите се 4 гласачи. односно вкупно потпишани 550 гласачи од што произлегува дека бројот на потпишани гласачи соодветствува со бројот на искористени гласачки ливчиња.

Државната изборна комисија од увидот во извештајот од Уредот за биометриска идентификација на гласачи се потврди дека вкупниот број на гласачи кои гласале и биле верифицирани со отпечаток од прст е 474, а вкупно гласачи кои се идентификувани во УБИГ преку скенирање на личниот документ со МРЗ скенерот или со рачен внес на ЕМБГ на гласачот и чиј што отпечаток од прст бил колектиран со УБИГ е 67, односно вкупно идентификувани лица на УБИГ е 541 гласачи, вкупно гласачи кои гласале со ставање на отпечаток од прст во посебната графа предвидена за таа намена во отпечатениот извод од избирачкиот список е 1, каде што е уредно направена корекција од страна на ИО со потпис и печат согласно подзаконските акти на ДИК, избирачи кои на денот на гласање се запишале во избирачкиот список по приговор со Решение за запишување во избирачкиот список 4 гласачи и 4 гласачи кои не гласале со УБИГ пријавени како немоќни или болни лица. Со тоа произлегува дека вкупниот број на гласачи кои гласале на ИМ 2101 во Општина Желино е 550 гласачи. Лицето што гласало со ставање на отпечаток од прст во посебната графа предвидена за таа намена во отпечатениот извод од избирачкиот список, гласал согласно Упатството за идентификација на гласачи и оставил два отпечатоци од лев и десен прст и истиот е евидентиран во дневникот за евиденција на настани од страна на избирачкиот одбор на гласачкото место 2101 Општина Желино согласно 108-а став(6) од Изборниот законик.

Разгледувајќи ги сите факти и докази кои произлегоа од отворањето на доверливиот материјал, како и разгледувајќи ги наводите внесени во самиот приговор истите не влијаат и не се основи за поништување на гласањето во гласачкото место и при тоа ниту еден основ не претставува исполнување на член 151 став 1 алинеја 1, 2, 6 и 7.

Оттаму наводите во приговорот се целосно неосновани и ниту влијаеле на гласањето ниту на сумирањето на резултатите во гласачкото место 2101 Општина Желино.

Поради горенаведеното, се одлучи како во диспозитивот на ова решение.

Врз основа на член 50 став 7 од Деловникот за работа на Државната изборна комисија на Република Северна Македонија потпретседателката на Државна изборна комисија Дитмире Шеху наведе:

ИЗДВОЕНО МИСЛЕЊЕ

На ден 02.05.2024 година на 106 –та седница на Државната изборна комисија беше разгледан Приговорот на Коалицијата Европски фронт, поднесен од овластен предлагач, во врска со прегласување на ИМ 2101 во село Ларце, општина Желино.

На седница по горенаведениот приговор беше образложен приговорот од страна на подносителот, при што беше побарано и увид во самиот избирачки материјал.

Со 6 гласа ЗА ДИК донесе Решение со кое Приговорот на Коалицијата Европски Фронт за прегласувањето на ИМ 2101 се одбива.

Јас гласав ПРОТИВ поради ставовите кои ќе ги образложам во ова Издвоено мислење, кое ќе биде составен дел од Решението на ДИК.

Во Приговорот се наведува дека Избирачкиот одбор сторил повреда при спроведување на гласањето, односно не постапил во Изборниот Законик, а неправилностите влијаеле на постапката за гласање и постапката за сумирање и утврдување на резултатите, и дека не го почитувал член 151 став 1 алинеја 1, 2, 6 и 7 од Изборен законик.

Согласно член 147 став 10 алинеја 3 побарав да се врши Увид во избирачкиот материјал каде е констатирано:

Во доверливиот материјал, во Извод од избирачкиот список во делот кај што се ставаат отпечатоци од имаше 16 отпечатоци од прст кои истите, членовите на ДИК ги броеја како потписи за неписмени спротивно на член 108 точка 5, и од увидот на изборниот материјал се увиде дека има вкупно 16 отпечатоци не еден отпечаток од прст како што е поправен Записникот број 16 и кога ќе се собере вкупната бројка е 565 во делот на идентификација и други основи во самиот записник, а не 550 како тоа го толкуваат членовите на ДИК.

Членовите на ДИК не ги зедоа во предвид сериозните забелешки и ако истите не само што беа дел од Записникот бр. 16 согласно член 116 став 3 од Изборен законик имаше и конкретни забелешки дадени од овластените претставници и истите не беа констатирани од страна на ИО дека не било така, односно дека Избирачкиот одбор во текот на гласањето постапил спротивно на член 40 став 2 точка 2 бидејќи на 2 гласачи без да бараат помош за гласање им дозволил на друго лица да им кажуваат кој број да го заокружуваат спротивно на член 112 од ИЗ.

Истотока, не ги зедоа во предвид и забелешките дека Избирачкиот одбор не го почитувал задолжението на ДИК со кои се задолжени сите ИО во текот на гласањето на Избирачкото место да присуствуваат по 7 члена, што според забелешките изнесени во дневникот за евиденции на настани истото не било случај во текот на гласањето на ова ИМ, и во неколку наврати гласањето го спроведувал со само 4 членови при што ИМ постапил неправилно и ова дејствие влијаело во постапката за гласање бидејќи за ваков пропуст ДИК поништи неколку претходни ИМ дека не се почитувал член 151 став 1 алинеја 1 и дека тоа влијаело во постапката за гласање со чудно образложение дека тоа било само за изборите за 08.05.2024, кое задолжение е нормално да се носи со тој датум бидејќи ДИК не можел однапред да увиди дека ќе поништи ИМ и дека ќе има

прегласување но исто така не носел заклучок дека ова задолжение не важи и за прегласувањето.

Не е одржано толкувањето на членовите на ДИК ова задолжение не важело за прегласувањето, ако тоа би било случај, тогаш не би требало да им ги прифатиме ниту решението за гласање кои ОИК им ги дал по приговор за лично избирачко право кои им ги освојувал дека имаат право да гласат за парламентарни избори кои ќе се одржат на 08.05.2024 година кој е датум е наведено и во самото Решение, што значи дека дента на прегласувањето гласале лица кои не се во избирачки список а и ИО немал основ да ги запишува согласно датумот наведено во самото Решение.

Членовите на ДИК не ги зедоа во предвид и сериозните забелешки дека во конкретното ИМ во 18:50 во просториите на гласачкото место доаѓале двајца возрасни гласачи со друго лице и без гласачите да побараат помош при остварување на правото на глас, лицето кое дошло со гласачите им ги земал гласачките ливчиња и гласал место нив спротивно на член 112 од ИЗ бидејќи во самиот член пишува да помага а не да гласа место нив и што е сериозно нарушување на изборниот процес и спротивно на член 151 став 1 алинеја 7 и е основ да се поништи и повтори гласањето.

Од страна на членовите на ДИК не е земена предвид ниту забелешката дека имало дејствие спротивно на Изборниот Законик и актот донесен од ДИК, односно при броењето на гласови додека траело броењето, ИО спротивно на Прирачникот за работата на ИО и ИЗ на неовластени лица им дозволил да влезат во гласачкото место додека се броеле гласачките ливчиња и ако во самиот Прирачник за работата на ИО е наведено дека кога ќе почне со броење кој ја напушта просторијата нема да им се дозволи да се вратат на гласачкото место повторно а не да се дозволи да влегуваат други неовластени лица.

Горе наведеното беше и образложено и на самата седница од моја страна и затоа и затоа и на самата седница побарав дека ќе доставам издвоено мислење кое согласно ИЗ и Деловникот на ДИК е и составен дел на самото Решение.

**Правна поука**: Против ова решение во рок од 24 часа од приемот на решението може да се поднесе тужба до Управниот суд на Република Северна Македонија преку Државна изборна комисија.

**ДРЖАВНА ИЗБОРНА КОМИСИЈА**
**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**Проф. Д-р Александар Даштевски**